РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово
Тел/faks(+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

Согласно со член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Сл.весник на Р.М. бр.158/2010, бр.135/2011,50/12, 188/13, 43/14, 138/14,145/15, 192/15) ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ од Куманово на ден 31.03.2016 година го објавува следнот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- ***ОПИС НА ПРАВНА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ***

## *1.1. Податоци за субјект*

- Трговец поединец РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП за ревизија, сметководствени и консалтинг услуги Ката Наце Андоновска Куманово, е основано на 29.05.2008 година во Куманово со адреса на ул.Доне Божинов бр.29 Кумново, Република Македонија.
- Ревизорска канцеларија формирана во согласност со Законот за ревизија, регистрирана на во Централниот регистар како Трговец Поединец согласно Законот за трговски друштва и има добиено трајна дозвола за работа од страна на Министерство за финансии на Р.М. во Август 2008 година под бр.12-29619/2 .
- РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП Куманово поседува Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија со регистарски број 04 заведена под бр.07-358/1 издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизија на 23.08.2013 година. Овластен ревизор Ката Андоновска поседува лиценца за вршење на работи на ревизија број со регистарски број 43 заведена под број 07-106/1 издадена од СУНР на 29.04.2013 година. ТП Ревизија Андоновски е заведена во регистарот на ИОРРМ под бр.07.

## *1.2. Број на вработени лица во субјектот, согласно Законот за работни односи.*

- Со 31 декември 2015 година ( до датум на доставување на извештајот за транспарентност) ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ има четири вработени лица.
  - Ката Андоновска- овластен ревизор вработен на неопределено полно работно време,
  - Кристина Кипријановска-помлад ревизор вработена на неопределено полно работно време.
  - Наташа Вељановска-административен работник вработена на неопределено полно работно време
  - Александра Тодоровска-административен работник вработена на неопределено полно работно време

## *1.3. Опис на сопственичка структура на друштво за ревизија*

- Трговец поединец според Законот за Трговски Друштва се основа без запишување на основна главнина, сопственикот Ката Андоновска одговора лично и неограничено со сиот свој имот.
- Сопственик на ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ со 100% сопственост е Ката Андоновска овластен ревизор.
- Ката Андоновска е Овластен ревизор регистриран за вршење на дејноста, со лиценца за вршење на работи на ревизија за овластен ревизор бр.07/106/1 издадена од СУНР на датум 29.04.2013 година во Скопје.

## *1.4. Приоритетна дејност*

- ТП е регистриран во Централниот регистар со приоритетна шифра на дејност 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување.
- ТП Ревизија Андоновски ги нуди следниве услуги на пазарот :Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки и Услуги за уверување во квалитет, Даночни советодавни услуги, Консалтинг услуги.

## *1.5. Подружници, основач во други друштва*

- ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ делува како овластен ревизор на територија на Р.Македонија и не припаѓа на некои професионални мрежи, нема подружници и нема поврзани субјекти. Канцеларијата е основана и работи со цел давање на услуги на комитентите кои делуваат на пазарот во Р.Македонија.

## *1.6 . Годишно осигурување од одговорност*

- Согласно законот за ревизија ТП се осигурува од штети причинети према трети лица и предмети со осигурително покритие од 250.000 еур односно 15.375.000 денари.
- Број на полиса е 130270003768 со важност (период на осигурување) од 01.01.2016 до 01.01.2017 година.

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово
Тел/faks(+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

*2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните ангажмани во мрежата каде што припаѓа.*

ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ не припаѓа на професионални мрежи, не користи брендирано име или заштитна марка на мрежа.

*3. Опис на управувачка структура*

ТП Ревизија Андоновски е со четири вработени, еден ревизор , еден помлад ревизор, и два административни работника. Ревизорот Трговец поединец Ката Андоновска сопственик е единствен одговорен за управување и надзор на ТП.

*4. Опис на внатрешен систем на контрола на квалитет на ТП и изјава за ефективноста на функционирање на овој систем*

- Врз основа на барањата на Законот за ревизија како и барањата на прифатените и објавени Меѓународни стандарди за Ревизија (МСР) кои се прифатени како национални стандарди за ревизија во Република Македонија, ТП Ревизија Андоновски има донесено соодветни Политики и процедури за контрола на квалитет на работата на Друштвото.
- Внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП Ревизија Андоновски Куманово е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за контрола на квалитет бр.1-Контрола на квалитет за фирми кои вршат ревизии и проверки на финансиски извештаи и други ангажмани за уверување и поврзани услуги, Меѓународниот стандард за ревизија 220 (ревидиран) - Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации, во насока дека Друштвото и неговиот персонал се придржуваат на професионалните стандарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни во околностите и како и останатата законска регулатива во земјата.
- Системот за контрола на квалитет на ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ Куманово вклучува документирани политики и процедури за контрола на квалитетот на работењето (Правилник за етика и контрола на квалитет,) стриктно дефинирани улоги и одговорности за имплементирање на политиките и процедурите, и надзор врз креирањето и оперативната ефикасност на изградениот систем на контрола на квалитет.
- ТП ги има воспоставено следниве процедури, како дел од МСКК:
- **Професионални барања**-Персоналот на ТП треба да биде лојален на принципите: независност, интегритет, доверливост, објективност и професионално однесување,
- **Вештина и компетентност**:Персоналот на ТП треба да одржува соодветна професионална компетентност која се бара за да можат да ги исполнат своите обврски со должно професионално внимание.
- **Пренесување на должност**: ревизорската работа треба да се пренесува на персоналот кој има соодветно образование и умешност која се бара за дадената ревизорска работа.
- **Консултации**:секогаш кога е неопходно ТП ќе врши консултации со лица со соодветно знаење и стручност.
- **Прифаќање и задржување на клиенти**:ТП има соодветни процедури за прифаќање на клиенти кои ги следи, се проверува независност на Друштвото кое се ревидира од ревизорот, и се проценува дали е потребно ангажирање на експерт.
- **Проверување:** Политиката на ТП е да ја проверува перманентната адекватност на оперативната ефикасност на квалитетот на политики и постапки.
- **Давање на квалитетни услуги:** Ревизорот одржува висок степен на професионално знаење, континуирано следење на правна и економска регулатива.
- **Независност при извршување на ревизорски ангажмани:** ТП ги идентификува и намалува на прифатливо ниво ризиците кои се појавуваат (доколку има) во врска со независноста.

На годишно ниво ТП обезбедува изјави за независност од сите вработени кои се во согланост со етичките барања воспоставени од ТП.

Овластениот ревизор е во целост одговорен за воспоставување, функционирање и надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

- **Изјава за ефективноста на функционирање на системот за контрола на квалитет**

ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ, **Ката Андоновска-овластен ревизор** изјавува дека применува систем на интерна контрола, кој претставува ефикасен и ефективен систем на контрола кој во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за контрола. Исто така успешно се врши спроведување на системот на контрола на квалитет на ТП. (Прилог 1 )

*4.1 Човечки ресурси*

- ТП има правилник по кој се врши вработување, со барања за соодветно образование, професионално искуство, знаење и вештини.
- Со оглед на правната форма и бројот на вработени Ревизорот е одговорен и партнер на сите ангажмани. Помлад ревизор е на член на сите ангажмани на ТП.

**4.2 Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет**

- ТП користи компјутерски ревизорски алатки кои се прилагодени кон ангажманите. Ревизорот врши надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет. Пред избор на ревизорски ангажман се врши тестирање на истиот дали ги исполнува условите пропишани според правилникот за КК. Внатрешна контрола се спроведува двапати годишно (на 30.06 и 31.12.), со проверка на сите алатки, правилници, постапки кои се спроведуваат дали се во согласност со МСР ако е потребно се врши ажурирање. Контролата се спроведува од ревизорот во ТП.
- Ревизорска документација се прибира и комплетира до издавање на ревизорскиот извештај, не потоа,
- Ревизорска документација се архивира и чува согласно правилникот за КК.
- ТП има правилник кој го следи и во кој се опишани политики и процедури за следење на внатрешен систем на КК и документирање на истиот.

**5. Датум на извршена проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно член 20 од Законот за ревизија на Република Македонија(Сл.весник на Р.Македонија бр.158/2010,135/2011,50/12, 188/13, 43/14, 138/14 , 145/15, 192/15).**

Во друштвото во периодот од 22 до 25 Септември 2015 година е вршена проверка за уверување во квалитет на ревизорот. Предмет на контрола беа едно акционерско друштвао, и едно друштво со ограничена одговорност, по што е добиено Резиме од проверка на
20/10/2015 година

- *Субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната година*
- 35 Трговски Друштва

*Трговски друштва-законски ревизии*

1.ТД Рудине ММ ДОО Скопје, 2.ДПП Диме ДОО Скопје,3. АД Алкалоид Берово, 4.АД ПИ Благој Ѓорев Велес, 5.Грант Торнтон Консалтинг, 6.АД Козјак Куманово, 7.АД Брик Берово, 8.АД Пелагониј Гостивар, 9.Фарма Прима ДООЕЛ Скопје, 10.Палма Трејд Тетово, 11.Агростарт 33 Куманово, 12. Алфи- БИ Компани Куманово,13. Бучен Козјак ДОО Куманово, 14.Стил Кон ДОО Куманово, 15. Југоопрема АД Скопје, 16. Саве инвест Скопје, 17. Голец Транс Тетово, 18.Македонија лек Скопје, 19.Јаншпед Штип, 20. Твинс интернационал Куманово, 21 Мобил трејд Скопје, 22. Димко Митрев АД Велес, 23.Агромеханика АД Скопје, 24. Ду-Бо пром Куманово, 25. Омни медикал Скопје, 26. Групација ЈиС Скопје, 27. Мреми Трејд ДООЕл Кумново, 28. Инженеринг солушнс Сервисес Скопје, 29. Тотал Инженеринг солутионс Скопје, 30. Квалитет Пром дооел Куманово, 31. Еуро еко пак Скопје, 32.Оба рециклирање Штип, 33.Емпиријан Визион Скопје, 34.ФХЕМ Скопје, 35. Шкендија АД Тетово.

*Трговски друштва-договорни ревизии*

Нема договрни ревизии.

- ***Изјава за политиката што ја следи канцеларијата за ревизија за контируирана едукација на овластениот ревизорво текот на претходната година***

ТП Ревизија Андоновски Куманово, **Ката Андоновска-овластен ревизор изјавува** дека согласно законот за ревизија и донесените политики на ТП во текот на 2015 година ревизорот посетува обука (КПУ) од најмалку 40 часа годишно во рамките на професионалното континуирано усовршување од областа на сметководство и ревизијата, организирана од страна на Институтот на овластени ревизори. ТП им обезбедува на асистентите стручна литература од областа на ревизијата и финасиите. (Прилог 3)

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово
Тел/faks(+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

- ***Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени***

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот за етика за професионалните сметководители на IFAC и законската регулатива во Земјата, ТП Ревизија Андоновски Куманово, Ката Андоновска-овластен ревизор- изјавува дека спроведува интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјави на независноста од сите вработени во ТП Ревизија Андоновски и изјави за независност на ниво на ангажирани членови во тим при поединечен ангажман. (Прилог 2)

| ***Финансиски информации*** | 2015 | |
|---|---|---|
| | Вкупен приход (во 000 МКД) | Поделба на приходот по услуги (%) |
| Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки и | 2.893 | 79,24% |
| Услуги за уверување во квалитет | 438 | 12% |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Неревизорски услуги-консалтинг | 320 | 8,76% |
| Вкупно | 3.651 | 100% |

| ***Финансиски информации*** | 2014 | |
|---|---|---|
| | Вкупен приход (во 000 МКД) | Поделба на приходот по услуги (%) |
| Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки и | 2.076 | 92,18% |
| Услуги за уверување во квалитет | 176 | 7,82% |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Неревизорски услуги | - | - |
| Вкупно | 2.252 | 100% |

- **Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластенниот ревизор**

Кога се прави ревизија на друштва регистрирани во согласност со Законот за трговски друштва, цената на ревизорскиот ангажман се утврдува договорно во зависност од големината на субјектот и обемот на работата потребен за вршење на ревизија, сопственост на друштвото и одговорноста на ревизорот.

Куманово, 31.03.2016 год.

ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ

Ката Андоновска
Овластен ревизор

**РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП**

**Ул.Доне Божинов бр.29**
**1300 Куманово**

**Тел/faks(+ 389 31)413-444**
**Моб: (+389 71) 234 -569**
**e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com**

**(Прилог 1)**

# ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

ТП РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ, **Ката Андоновска-овластен ревизор изјавува** дека применува систем на интерна контрола, кој претставува ефикасен и ефективен систем на контрола кој во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за контрола. Исто така успешно се врши спроведување на системот на контрола на квалитет на ТП.

Изјавил

Ката Андоновска
ТП Ревизија Андоновски Куманово

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово

Тел/faks(+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

**(Прилог 2)**

***ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ***

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот за етика за професионалните сметководители на IFAC и законската регулатива во Земјата, ТП Ревизија Андоновски Куманово, Ката Андоновска-овластен ревизор-изјавува дека спроведува интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјави на независноста од сите вработени во ТП Ревизија Андоновски и изјави за независност на ниво на ангажирани членови во тим при поединечен ангажман.

*Изјавил*

Ката Андоновска
ТП Ревизија Андоновски Куманово

РЕВИЗИЈА АНДОНОВСКИ ТП
Ул.Доне Божинов бр.29
1300 Куманово
Тел/faks(+ 389 31)413-444
Моб: (+389 71) 234 -569
e-mail: revizijaandonovski@yahoo.com

(Прилог 3)

***ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИРУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОРВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА***

ТП Ревизија Андоновски Куманово, **Ката Андоновска-овластен ревизор изјавува** дека согласно законот за ревизија и донесените политики на ТП во текот на 2015 година ревизорот посетува обука (КПУ) од најмалку 40 часа годишно во рамките на професионалното континуирано усовршување од областа на сметководство и ревизијата, организирана од страна на Институтот на овластени ревизори. ТП им обезбедува на асистентите стручна литература од областа на ревизијата и финасиите.

Изјавил

Ката Андоновска
ТП Ревизија Андоновски Куманово